Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се изземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Закон за пожарникарството (Сл.весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари (Сл.весник на Р.М. бр.98/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл.весник на Р.М. бр.94/09), и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Скопје. Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари. Затоа потребно е планираната сообраќајна инфратруктура со хоризонталните и вертикалните елементи на коловозот да овозможат непречена интервенција на противпожарните возила, доводната мрежа на вода да е со капацитет кој овозможува напојување на надворешната хидрантска мрежа околу градбите, во согласност со ПП норми и стандарди, водењето на другата инфраструктура да е во инфраструктурни коридори, подземно поставени на дозволени безбедносни меѓусебни растојанија, кое ќе се дефинира со основните проекти.

- Пешачките патеки во внатрешноста на опфатот се така концепирани и димензионирани да можат да обезбедат режимски сообраќај до предвидените и постојните градби во случај на пожар. Истите се димензионирани со доволна широчина на пристапот и соодветна конструкција, за да овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожар и спасување на луѓето.
- Рабниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

При дефинирањето на градбите во рамките на градежните парцели земено е во предвид потребното минимално растојание меѓу градбите од аспект на префрлање на пожарот од една до друга градба во зависност од предвидената висина на градбите и од противпожарната оптовареност на истите.

За градбите за кои не се однесува оваа одредба ќе се применуваат важечките мерки нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Согласно член 76 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Јавнотопретпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во градот Скопје е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација.

При изработка на основните проекти на предвидените градби во рамките на планскиот опфат да се предвиди громобранска инсталација со цел да нема појава од зголемено пожарно оптеретување.

Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки. За овој план важни се превентивните мерки за заштита од уривање, кои се состојат од активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Ова подразбира да се градат градби асеизмички, да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците и да не се создаваат тесни грла на истите, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот одпад, при евентуални урнатини. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05).

Мерки за заштита од пожар на објектите

Сообраќајниот систем во планскиот опфат се состои од сообраќајница која овозможува лесен пристап на противпожарните возила до градбите.

При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до градбите.

Со планирање на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар, согласно Законот за пожарникарството (Сл. весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16).

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16).

При реализација на Урбанистичкиот план да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16).

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени MS3 потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на градбите.

Густината на градбите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичко проектирање, со помали висини градби и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

При реализација на Урбанистичкиот план, согласно членовите 13, 14, 34 и 35 мора да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување (Сл. весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) и Законот за пожарникарството (Сл. весник на Р.М. бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16).

5.3 Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

Домовањето, мобилноста и пристапноста се основни предуслови за спроведување на сите активности во секојдневното живеење на лицата со инвалидност и нивното вклучување во заедницата.

За сите овие подрачја се воочува потребата за развој на стандардите. Потребно е во сегментот на пристапноста да се градат сообраќајници со спуштени рабници, раскрсници

со звучни семафорски уреди, со тактилни површини за слепите лица, како и звучни и виузуелни најави во возилата на јавниот превоз, со можност слепото лице да користи куче - водич во сите средства на јавниот превоз и влез во сите градби за јавни намени.

Во градскиот и меѓуградскиот јавен сообраќај да се воведат адаптирани нископодни автобуси. Треба да се обрне посебно внимание за воведување на приспособени меѓуградски авотбуски линии. Неопходна е достапност на јавниот превоз на сите линии, пристапност на возниот ред и на возилата и обезбедување на давање јасни и достапни информации на терминалите и во возилата.

Во периодот на спроведување на Стратегијата, една од најважните задачи треба да биде промовирањето на „Универзалниот дизајн". „Универзалниот дизајн" означува оформување на производите, опкружувањето, програмите и услугите, на начин да може да ги користат сите луѓе во најголема можна мера, без потреба од риспособување или посебнооформување.

Посебна цел: Обезбедување на пристапност и достапност во сите сегменти на живеење.

Мерки:

- Да се воспостави опкружување пристапно за лицата со инвалидност со примената на начелата на универзалниот дизајн избегнувајќи на тој начин создавање на нови пречки;
- Да се овозможи достапност на превозот за сите лица со инвалидност;
- Да се развијат едукациски програми врзани со примената на Универзалниот дизајн;
- Да се обезбеди пристап до информациите и комуникациите за сите лица со инвалидност;
- Да се обезбеди примена на современите технологии;
- Да се воспостав и систем на помош при решавањето на станбеното прашање за лицата со инвалидност.

5.4 Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16).

(1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Графички дел

ОПШТИНА СОПИШТЕ

Број 23-2699/2 од 23.12.2020 год.
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ

УП за село: Урбанистички план за село Сопиште – разработка на блок 1 плански период 2012 - 2022

Одлука бр: 07-3968/1 од 09.11.2012 год.

Намена на градба: , А – домување

КО Сопиште КП 1206/7 КП 1206/4, КП 1206/308 , КП1269/11 КП 1269/2

Дл:_____ М 1: 2 500

Извод за блок 3 од Урбанистички план за село Сопиште – разработка на блок1 – плански период 2012 – 2022 год. Катастарската парцела КП 1206/7 КП 1206/4, КП 1206/308 , КП1269/11 КП 1269/2 КО Сопиште се наоѓа во опфат на блок 2.

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ (318.70ха)
- ГРАНИЦА НА БЛОК
- ГРАНИЦА НА ПОДРАЧЈЕ СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА НА ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА
- ГРАНИЦА НА ПАРК ШУМА ВОДНО (ОДЛУКА - 1991год.)

ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ

- А - ДОМУВАЊЕ
- В - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ
- Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА, СЕРВИСИ
- Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- Д4 - ГРОБИШТА
- Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД

- ПОСТОЕЧКА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЕЧКА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- КАБЛИРАЊЕ НА ПОСТОЕН ДВ 10kV
- ЕЛЕКТРОКАБЛИ 10(20)kV
- ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- ИЗМЕСТУВАЊЕ НА ТЕЛЕФОНСКИ КАБЛИ
- СВЕТЛИНСКИ ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
- ПОСТОЈНА ДИТРИБУТИВНА 10/0,4kV ТРАФОСТАНИЦА
- МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД


A
1206/4
1206/7
1269/11
1206/308
1263
1206/309
1269/2
1269/18
1269/17
1269/5
1269/3
1269/7
1269/14
1263/3
1263/1
1264/2
1262
1262/1
1261/2
1261/3
1261/1
1257
1256
1263
1269
dv

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Планската документација претставува **Урбанистички план за село Сопиште – разработка на блок 1, КО Сопиште, општина Сопиште,** која се изработува врз основа на Член 12 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) , согласно Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.в. на РМ бр: 78/06) и согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 63/12), како и другата законска регулатива што го допира планирањето.

Урбанистичкиот план за село Сопиште во документациската основа е презентиран за цело село со прикажување на новоформираните блокови, а во делот за бесправни градби даден е осврт на Блок 1.

Во планската документација дадена е намена, поделба на новоформираните блокови, планско решение на примарна улична мрежа со регулациски линии на истата и решение за обликување на сообраќајниците, како и плански решенија на водовите и објектите на комуналната инфраструктура, со посебна разработка само на Блок 1, согласно член 8, став 2 од Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.в. на РМ бр: 78/06), а Блок 1 е составен од една градежна парцела, што е во согласност и со член 27 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 63/12).

Согласно овие законски и подзаконски акти, ќе се изработи Урбанистичкиот план за село Сопиште-разработка на блок 1, во една фаза:

-фаза Предлог план .

Подрачјето на планскиот опфат носи назив: КО Сопиште, општина Сопиште,

За Урбанистички план за село Сопиште – разработка на блок 1, КО Сопиште, општина Сопиште, планскиот период е 2012-2022год.

2. ГЕОГРАФСКА И ГЕОДЕТСКА МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот опфат на цело село Сопиште има површина од 318,70ха и лежи на територијата на КО Сопиште. Во правец на исток село Сопиште е поврзано со град Скопје.

Сообраќајно село Сопиште е сместено покрај регионалниот пат Р-2134 (Р 302), Драчево (врска со Р1106) – К. Вода, Сопиште-Говрлево (врска со Р1106).

Овој регионален пат поминува центално низ планскиот опфат на село Сопиште, а не поминува низ планскиот опфат на Блок 1.

Блок 1 има површина од 85,32 ха и се наоѓа во северозападниот дел на село Сопиште, на благо брдовите терен со наклон кон село Сопиште.

Целата граница на планскиот опфат на цело село Сопиште и на Блок 1 посебно со X и Y координати е прикажана во општите услови за градење.

3. ТЕКСТУАЛНИ ОДРЕДБИ ОД ИЗВОД ОД ПЛАН ОД ПОВИСОКО НИВО КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Текстуалните одредби од претходно усвоените ГУП-ови и неговите измени 2001, 2004, и 2009 год. како и заклучните согледувања од Условите за планирање од (тех. бр: Y27506, Y34708 и Y28212) произлезени од Просторниот План на Република Македонија се прилог на Документациската основа.

4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА

Планската програма е дадена изворно, во целост, како прилог кон овој Урбанистички план за село Сопиште - разработка на Блок 1 и е негов составен дел.

5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈАТА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планскиот концепт на цело Сопиште е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита на културното наследство, заштита на животната средина и природата и заштитата и спасувањето.

Поголем дел од просторот има посебни пејсажни вредности, претставува брдовит и благо брдовите терен со наклон кон село Сопиште, посебно делот од просторот на Блок 1.

Во правец на исток село Сопиште е поврзано со град Скопје.

Сообраќајно село Сопиште е сместено покрај регионалниот пат Р-2134 (Р 302), Драчево (врска со Р1106) – К. Вода, Сопиште-Говрлево (врска со Р1106), и истиот поминува низ село Сопиште, а не низ планскиот опфат на Блок 1.

На север во планот се предвидува врска со Скопје преку Водно преку новопланиран регионален пат Р2138 (Р303), а на југоисточниот дел се предвидува врска исто така со Скопје преку новопланирана делница на регионален пат Р-2134 (Р 302), делница од село Сопиште, село Усје и преку улица Првомајска врска со град Скопје.

Токму овие сообраќајни поврзувања ја одредуваат добрата геостратешка положба на селото.

Во панскиот опфат на село Сопиште кој зафаќа површина од 318,7 ха се проценува дека до 2022 година ќе се населат околу 15 300 жители, од кои на

просторот на Блок 1 се предвидува популација од околу 5180 жители. Проценката базира на постојните податоци за бројот на населението во село Сопиште според Пописот од 2002 година и Законот за територијална организација од 2004 година и определбата за изградба на резиденцијален урбан простор во Блок 1, кој ќе ја зголеми атрактивноста на населбата Сопиште за задржување на постојното население и пораст на вкупното население со зголемување на новата популација која ќе се досели.

Планскиот концепт е поставен на начин кој сето тоа го има како просторен услов. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидените градби во функционална целина со естетска препознатливост.

Плански опфат на село Сопиште е поделен на 6 блокови, од кои предмет на разработка на овој урбанистички план е Блок 1.

Останатите Блокови 2, 3, 4, 5 и 6 ќе се разработуваат со други урбанистички планови согласно Закон.

Со овој Урбанистички план за село Сопиште - разработка на Блок 1, се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето на цело село Сопиште, а се разработува само Блок 1, кој пак понатаму ќе се разработи со Архитектонско -урбанистички проект.

Сообраќајниот концепт е основа за планскиот концепт. Програмските барања, постоечката сообраќајна инфраструктура го услови планираното сообраќајно решение, кое е поставено во корелација со стандардите и нормативите за планирање на ваков простор.

Покрај регионалниот пат да се постават намени за кои објектите дозволуваат архитектонски да се обликуваат и да имаат високи естетски карактеристики.

6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

6.1. Плански опфат

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на Член 7, 8 и 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12). Границата на планскиот опфат треба да биде:

- рационална, економична, правилна линија, линија на опкружување со колку што е можно помала должина
- линијата што ќе се совпаѓа или ќе ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.) и
- линија која нема да ја намалува вредноста на земјишето што го дели или ја ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови

Границата на планскиот опфат на село Сопиште се движи поголем дел по катастарски парцели и по линеарните зададености на теренот и целиот плански опфат на селото Сопиште зафаќа вкупна површина од 318,70ха.

Додека граница на Блок 1 се движи поголем дел по катастарски парцели, по новопредвиден пат (улица) и по линеарните зададености на теренот и има површина од 85,32 ха.

Целата граница со X и Y координати е прикажана во општите услови за градење.

6.2. Блокови

Во планскиот опфат предвидени се 6 блокови, а предмет на разработка е Блок 1. Блокот е означен со арапска цифра.

НУМЕРЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО СОПИШТЕ - РАЗРАБОТКА НА БЛОК 1, КО СОПИШТЕ, ОПШТИНА СОПИШТЕ		
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ во однос на плански опфат		
БЛОК	ПОВРШИНА (ха)	%
1	85,32	26,77
2	74,33	23,33
3	31,48	9,88
4	35,80	11,24
5	45,04	14,14
6	46,31	14,54
ВКУПНО:	**318,70**	**100,0**

6.3. Регулациона линија

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена.

Во графичките прилози дадени се регулациските линии на примарната сообраќајна мрежа.

Регулационата линија кај Блок 1 се поклопува со линијата на градежната парцела кон собирната улица бр. 4.

6.4. Граница на градежна парцела

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

Во планскиот опфат на село Сопиште, се разработува само Блок 1, во кој е формирана една градежна парцела,

Границите на градежните парцели за Блок 2, 3, 4, 5 и 6 ќе биде предмет на разработка во понатамошна фаза при разработка на блоковите со други урбанистички планови согласно Закон .

6.5. Градежни парцели

Планскиот опфат на Блок 1 е составен од една градежна парцела согласно член 27 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. Весник 63/12) и тој е предмет на разработка во овој урбанистички план.

Линијата на градежната парцела од Блок 1 се поклопува со регулационата линија на дел кон собирната улица и се поклопува во голем дел со градежната линија, освен на делот кон собирната улица 4.

Градежните парцели во Блок 2, 3, 4, 5 и 6 ќе бидат предмет на разработка во понатамошна фаза при разработка на блоковите со други урбанистички планови согласно Закон .

6.6. Намена на земјиштето

Со Урбанистичкиот план за село Сопиште – разработка на Блок 1, се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.63/12):

Групи на класи на намени:

1. **Домување - група на класа на намена А (303,16ха)**
2. **Јавни институции – група на класа на намена В (1,43ха)**
3. **Производство, дистрибуција и сервиси – група на класа на намена Г (2,32ха)**
4. **Зеленило и рекреација – група на класа на намена Д (5,38ха)**
5. **Комунална инфраструктура – група на класа на намена Е (5,83)**

Групата на класи на намени Б – комерцијални и деловни намени во границите на планските опфати на Блоковите ќе се предвидат во склоп на други намени како компатибилни класи на намена.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УПС СОПИШТЕ - РАЗРАБОТКА НА БЛОК 1, КО СОПИШТЕ, ОПШТИНА СОПИШТЕ			
БЛОК бр.	**КЛАСИ НА НАМЕНИ**	**ПОВРШИНА (ха)**	**(%)**
1	А	83,55	97,93
	Д2	0,41	0,48
	Д2-ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ГАСОВОД	0,69	0,81
	Е1-СООБРАЌАЈНИЦИ	0,67	0,79
	Вкупно:	**85,32**	**100,00**
2	А	67,67	91,04
	Г	1,12	1,51
	Д4	1,55	2,09
	Д2-ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ГАСОВОД	2,43	3,27
	Е2	0,16	0,22
	Е1-СООБРАЌАЈНИЦИ	1,40	1,88
	Вкупно:	**74,33**	**100,00**
3	А	29,65	94,19
	В	0,98	3,11
	Е1-СООБРАЌАЈНИЦИ	0,85	2,70
	Вкупно:	**31,48**	**100,00**
4	А	34,60	96,65
	В	0,19	0,53
	Д2-ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА ГАСОВОД	0,30	0,84
	Е1-СООБРАЌАЈНИЦИ	0,71	1,98
	Вкупно:	**35,80**	**100,00**
5	А	43,73	97,09
	Е1-СООБРАЌАЈНИЦИ	1,31	2,91
	Вкупно:	**45,04**	**100,00**
6	А	43,96	94,93
	В	0,26	0,56
	Г	1,20	2,59
	Е1-СООБРАЌАЈНИЦИ	0,89	1,92
	Вкупно:	**46,31**	**100,00**

За Блок 1 кој е предмет на разработка во оваа планска документација, наменската зона е согласно член 27 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. Весник 63/12).

Имено кога наменската зона е составена од различни на компатибилни намени, при што групата на класи на намени А- домување (А0 – домување во станбени куќи со посебен режим на користење, А1 – домување во станбени куќи, и А2 – домување во станбени згради) е именител на зоната, може да се формира една градежната парцела, како што е во случајот за Блок 1, каде е формирана една градежна парцела со површината од 85,32ха (минимум 30ха)

За оваа градежна парцела не се применуваат одредбите од член 34 на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.63/12).

Во градежната парцела од Блок 1 вкупната процентуална застапеност на класите е:

- А- домување (А0 – домување во станбени куќи со посебен режим на користење, А1 – домување во станбени куќи, и А2 – домување во станбени згради) треба да биде минимум 60%
  За класа на намена А1 да се определи минимум 51%.

Процентуалната застапеност на компатибилните намени во градежната парцела треба да биде:

- А3 – Групно домување, максимум 5%
- Б – комерцијални и деловни намени и В – Јавни институции, максимум 15%
- Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, минимум 20%
- Учеството на групата на класи на намени Е - инфраструктура, се утврдува при изработка на Архитектонско – урбанистичкиот проект.

Класите на намена се определуваат при изработка на урбанистичкото решение на градежната парцела за Блок 1 во Архитектонско-урбанистичкиот проект.

За Блок 2, 3, 4, 5 и 6 процентуалната застапеност на компатибилните класи на намени ќе се утврди во понатамошна фаза при разработка на овие блоковите со други урбанистички планови согласно Закон и Правилник.

6.7. Градежни линии

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат.

Во Урбанистички план за село Сопиште - разработка на Блок 1, само во Блок 1 има повлечено градежна линија, која се наоѓа на 10м од регулационата линијата на собирната улица 4, а во останатиот дел се поклопува со линијата на градежната парцела.

Градежни парцели во Блок 2, 3, 4 , 5 и 6 ќе се формираат во понатамошна фаза при разработка на блоковите со друг урбанистички план согласно Закон.

6.8. Површини за градење

Со површината за градење се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градби.

Само во Блок 1 каде има формирано градежна парцела и е утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, поради што е потребно за градежната парцела од Блок 1 да се изготви Архитектонско-урбанистички проект.

Во останатите Блокови 2, 3, 4, 5 и 6 површина за градење ќе се формира кога истите ќе се разработуваат со посебни урбанистички планови согласно Закон.

6.9. Височина на градбите

Височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената и за градежната парцела од Блок 1 истата ќе се утврди со Архитектонско-урбанистички проект.

Висината на приземје како и максималната височина на нултата плоча во однос на котата од тротоарот за сите градби е условена од намента на градбата и истата за Блок 1 ќе се утврди со Архитектонско-урбанистички проект.

Во останатите Блокви 2, 3, 4, 5 и 6 височината на градење ќе се дефинира со разработка на блоковите со посебни урбанистички планови согласно Закон.

6.10. Процент на изграденост

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во случајот за градежната парцела од Блок 1 оваа величина се движи од 50%.

Во останатите Блокови 2, 3, 4, 5 и 6 процентот на изграденост ќе се дефинира со разработка на блоковите со посебни урбанистички планови согласно Закон.

6.11. Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изгаденост на градежното земјиште. Истиот во градежната парцела од Блок 1, ќе се утврди со Архитектонско-урбанистички проект.

Во останатите Блокови 2, 3, 4, 5 и 6 коефициентот на искористеност ќе се дефинира со разработка на блоковите со посебни урбанистички планови согласно Закон.

6.12. Инфраструктура

Планскиот концепт се потпира и на предвидената квалитетна инфраструктура.

Со понатамошна изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект за градежната парцела од Блок 1, како и со понатамошната разработка на Блок 2, 3,

4, 5 и 6, уличната мрежа, водовите за снабдување со електрична енергија, гас, вода, како и електронско-комуникациските водови да се предвидат до секоја градба. Исто така да се предвиди канализациска инфраструктура за прифаќање на атмосферските и фекалните отпадни води, односно нивно водење до реципиентот. Сите водови да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори. Под улиците (како можни пресечни точки) инфраструктурните водови да се водат во армиранобетонски канали или соодветни заштитни цевки со поголем дијаметар кој ќе овозможи интервенција на водовите.

Во графичките прилози инфраструктурните водови се прикажани како проектни решенија. Врз основа на овие прилози треба да се изработат Проекти за инфраструктура, кои се основа за изработка на основни проекти за инфраструктурните водови.

За цело село се предвидува отоплување на гас.

Сончевата енергија може да се искористи преку употреба на Сончеви колектори.

Покрај инфраструктурните водови потребно е да се предвидат и градби од супраструктура кои во Блок 1 ќе се дефинираат со изработката на Архитектонско-урбанистички проект, а за Блок 2, 3, 4, 5, и 6 ќе се дефинираат со разработка на блоковите со посебни урбанистички планови согласно Закон.

Се предвидува посебна мрежа за улично осветлување. При изборот на улични канделабри да се изврши нивна типизација со современ дизајн, односно во склад со High-Tech архитектурата

Врз основа на потребните количини на вода ќе се утврди дали постоечката инфраструктура за довод на вода од градот до селото Сопиште е со доволен капацитет за приклучување на цело село, како и можноста за приклучување на Блок 1.

Отпадните води пред да бидат испуштени во најблискиот реципиент ќе бидат подложени на третман во пречистителна станица.

6.13. Елементи на обликување на градбите во градежната парцела

За сите градби да се предвидвиди употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со добри карактеристики. Градбите мора да имаат максимална термичка и звучна изолација, сончеви колектори, како услов за заштеда и искористување на енергијата, како елемент од стратегијата за одржлив развој, а со цел заштита на животната средина (Агенда 21).

7. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата.

На овој простор условеноста од програмските барања и постојната состојба значително ги диктира планските решенија за сообраќајниците, на водоводните, фекалните и атмосферските инфраструктурни водови, како и

планските решенија за електричната и електронско-комуникациската и гасоводната инфраструктура, кои се во директна зависност од уличната мрежа, поред која се водат.

Водењето на инфраструктурата да биде во инфраструктурни коридори.

7.1. Сообраќаен и нивелмански план

7.1.1. Сообраќајно поврзување

При планирањето е водено сметка за обезбедување на потребните врски на село Сопиште со град Скопје, при што е почитуван Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11 и 44/12) и Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник на РМ бр. 133/11, 150/11, 20/12 и 41/12).

Сообраќајно село Сопиште сместено е покрај регионалниот пат Р-2134 (Р 302), Драчево (врска со Р1106) – К. Вода, Сопиште-Говрлево (врска со Р1106), и истиот поминува низ село Сопиште. Овој пат не поминува низ планскиот опфат на Блок 1.

Трасата на патот Р 2138 (Р303) за врска на село Сопиште со Скопје преку Водно е превземен од Агенција за државни патишта, и овој пат го тангира Блок 1 и го дели од Блок 5.

На југоисточниот дел се предвидува врска исто така со Скопје преку новопланирана делница на регионален пат Р-2134 (Р 302), делница од село Сопиште, село Усје и преку улица Првомајска врска со град Скопје.

Но овој пат не влегува во планскиот опфат на село Сопиште.

7.1.2. Сообраќаен план

** Улична мрежа*

Планираната улична мрежа во планскиот опфат се состои од собирни улици Преку собирната улица "1" , која се планира да се поврзе со реализираната улична мрежа на град Скопје е дефинирано сообраќајното поврзување на село Сопиште, како и на Блок 1.

Постојните и планираните собирни улици "1" , "2" , "3" и "4" пресек А-А, се со следна структура на сообраќајниот профил :

коловоз..... 2 x 3,25 = 6,50 m'
тротоари ..... 2 x 2,00 = 4,00 m'

вкупно : 10,50 m'

Хоризонталната поставка со елементи на хоризонтално решение (радиуси на хоризонтални кривини) се презентирани во графичкиот прилог "сообраќаен и нивелациски план".

** Стационарен сообраќај - паркирање*

Паркирањето на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на градежните парцели при понатамошна разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5 и 6.

Со оглад на тоа да Блок 1 е составен од една градежна парцела која треба понатаму да се разработи со Архитектонско-урбанистички проект, паркирањето на моторните возила да се предвиди во склоп на градежната парцела.

Паркирањето да биде решено во се според Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (чл.59 и 61, Сл. Весник на РМ бр. 63/12).

7.1.3. Нивелациски план

Врз основа на планско решение на уличната мрежа со вертикална претстава и утврдени елементи на хоризонтално решение со осовини е изработен нивелмански план.

Со нивелманскиот план се дадени проектирани коти на осовински точки на улица "1" како и надолжен наклон на нивелетите на планираната улица кои се движат од минимални 0,5 – 7,5% .

7.2. Водостопанска инфраструктура

7.2.1. Водоснабдување

Селата Сопиште, Ракотинци и Добри Дол се водоснабдуваат од мрежата на градот Скопје. Ова решение е времено додека се изгради водоснабдителниот систем “Патишка Река“.

Со развојните документи на градот Скопје: Генералниот урбанистички план, Основниот урбанистички план, Водостопанската основа на Скопскиот регион и Просторниот план на град Скопје (измена и дополна усвоена 1985 год.) водоснабдувањето на селата во општината Сопиште предвидено да се врши од локални извори, односно од Патишка Река

Регионалниот систем за водоснабдување “Патишка Река” предвидува: зафаќање на вода од Патишка Река, нејзино енергетско искористување, изградба на филтерница за пречистување на водата и доведување до потрошувачите, односно до селата: Патишка Река, Малчиште, Маркова Сушица, Јаболци, Н. Брезница, Д. и Г. Соње, Ракотинци и Добри Дол.

Со изградбата на ВС “Патишка Река“ селата Ракотинци и Добри Дол ќе се преориентираат од градската водоснабдителна мрежа на овој систем.

Селото Сопиште и понатаму ќе се водоснабдува од градската водоснабдителна мрежа.

За Блок 1 врз основа на Архитектонско-урбанистички проект каде ќе бидат дефинирани намените на површините ќе се утврдат потребните количини на вода. Врз основа на потребните количини на вода ќе се утврди дали постоечката инфраструктура за довод на вода од градот до селото Сопиште е со доволен капацитет кој ќе овозможи приклучување и на Блок 1.

Доколку капацитетот на водоснабдителната мрежа не задоволува за Блок 1, водоснабдувањето ќе се врши од ВС “Патишка Река“.

Изградбата на мрежата за санитарна вода во границите на градежната парцела на Блок 1 ќе бидат дефинирани со АУП (Архитектонско-урбанистички проект).

Извор за техничка вода

За рационално и економично користење на водата во рамките на планскиот опфат на селото Сопиште и Блок 1 потребно е изградба на две водоснабдителни мрежи: за санитарна вода и за техничка вода (за одржување на комуналната хигиена и за поливање на зеленилото во парковите и во дворовите)

Техничката вода ќе биде обезбедена од нов изворник: подземни води во близина на селото Маркова Сушица, каде се отпочнати хидрогеолошки истражувања кои треба да се довршат.

Изградбата на мрежата за техничка вода во границите на градежната парцела на Блок 1 ќе бидат дефинирани со АУП (Архитектонско-урбанистички проект).

7.2.2. Одведување на отпадни води

Во селото Сопиште нема изградена канализациска мрежа. Со плановите од повисоко ниво не е предвидено приклучување на Сопиште на градската канализациска мрежа. Потребно е изградба на локална пречистителна станица

Се предвидува изградба на сепарациона канализациска мрежа - фекална и атмосферска канализација.

Отпадните води од Блок 1 ќе бидат пречистени во локална пречистителна станица.

Доколку условите дозволуваат во соработка со општината може да биде изградена заедничка пречистителна станица за Блок 1 и селото Сопиште.

Атмосферските отпадни води ќе бидат испуштени во најблискиот реципиент кој минува низ селото Сопиште и се влива во Усјански канал. Атмосферските отпадни води пред да се испуштат во реципиентот ќе бидат третирани во маслофаќачи.

Изградбата на канализациските мрежи во границите на градежната парцела на Блок 1 ќе бидат дефинирани со АУП (Архитектонско-урбанистички проект).

7.3. Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

7.3.1. Елекротроенергетска инфраструктура

Приклучок на дистрибутивната мрежа на објектите кои ќе бидат изградени на површините од планскиот опфат за село Сопиште ќе се изврши на основа на изготвени проекти за основните водови на инфраструктурата и врз основа на Архитектонско-урбанистичкиот проект само за градежната парцела од Блок 1.

Зависно од намената на површините ќе бидат направени пресметки на едновремена електрична моќност за корисниците со што ќе може да се

дефинира бројот и местоположбата на дистрибутивните трафостаници 10(20)/0,4kV.

Според добиените претходни сознанија од ЕВН Македонија и заради оптеретеноста на дистрибутивната мрежа на дел на градот кој е најблиску до село Сопиште, приклучна точка на новите дистрибутивни трафостаници ќе биде 35kV трафостаницата во Говрлево, која се наоѓа на растојание од 6км југозападно од село Сопиште.

Постојната дистрибутивна мрежа во село Сопиште е изведена со 10kV надземни и подземни електроводови и 10/0,4kV трафостаници. Новото планско решение за село Сопиште нема да влијае на постојната дистрибутивна мрежа, сите постојни трафостаници ќе бидат приклучени со 10(20)kV електрокабли. Заради зголемување на корисната површина и подобрување на безбедноста и сигурноста на корисниците, постојните 10kV надземни водови ќе бидат каблирани со соодветни електрокабли. Со тоа ќе се зголеми и доверливоста на електросистемот. Електрокаблите ќе бидат поставени во тротоарите на сообраќајниците, во инфраструктурните коридори, заедно со останатите инфраструктурни водови.

Приклучок на дистрибутивната мрежа на градбите од градежната парцела од Блок 1 ќе се изврши по се според добавената електроенергетска согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија. Барањето треба да содржи точно дефинирани електрични параметри како што се: напонско ниво, максимална инсталирана и едновремена моќност, фактор на моќност, типови на домаќинства и останати потрошувачи, начини на затоплување односно ладење и сл. односно податоци кои во ова фаза на изработка на документацијата не се дефинирани. Овие податоци ќе можат да бидат точно определени со изработката на Архитектонско-урбанистичкиот проект. Од податоците ќе произлезе и бројот и типот на дистрибутивните трафостаници за приклучок на корисниците како и за јавно осветлување на сообраќајниците, паркинзите и сл.

Начинот на приклучување и другите технички елементи ќе бидат дефинирани од страна на стручните служби на АД ЕВН Македонија.

Дистрибутивните водови за градежната парцела од Блок 1 ќе бидат со 10(20)kV електрокабли поставени во дефинирани инфраструктурни коридори. При премин под сообраќајници овие водови ќе бидат поставени во соодветни заштитни цевки. Распоредот како и должините на електрокаблите ќе биде дефиниран со Архитектонско-урбанистичкиот проект.

За заштеда на енергијата покрај ефикасна топлотна изолација на градбите се планира на крововите на објекти да се постават соларни колектори со помош на кои ќе се врши загревање на водата и примена на современи висококвалитетни изолациски материјали.

7.3.2. Комуникациска инфраструктура

Приклучувањето на телефонските корисници од планскиот опфат од село Сопиште, ќе се изврши со изработка на проект за инфраструктура и со

изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект за градежната парцела од Блок 1.

Со овој урбанистички план, зависно од намената на корисниците, ќе се добие вкупниот број на корисници на цело село Сопиште, како и корисниците од градежната парцела од Блок 1.

За корисниците од градежната парцела од Блок 1 потребно да се обезбеди соодветна телефонска мрежа. Вкупниот број на телефонски корисници ќе се знае со изработката на Архитектонско-урбанистичкиот проект (АУП). Распоредот како и должините на телефонските кабли ќе биде дефиниран со Архитектонско-урбанистичкиот проект.

Препорачливо е при изработката на Архитектонско-урбанистичкиот проект за градежната парцела од Блок 1, да се предвиди засебна просторија од најмалку 16м2 во која ќе биде сместена активната телефонска опрема. Зависно од изборот на оператор и нивните услови, ќе биде изградена телефонската мрежа преку која може да се вршат и други електронски комуникациски услуги.

Македонски Телекомуникации имаат изградено телефонска мрежа во село Сопиште, која што заради проширување на сообраќајниците ќе биде потребно да се измести во тротоарите. Изместените телефонски кабли ќе бидат поставени во инфраструктурни коридори заедно со останатите инфраструктурни водови.

Новите технологии во сферата на комуникациите, дигиталните системи, широкопојасните услуги ќе бидат имплементирани и во Блок 1 зависно од барањата на крајните корисници.

Локалитетот, како и овој регион е целосно се покриени со сигнал на трите мобилни оператори Т-Мобиле, ОНЕ и ВИП.

7.3.3. Јавно осветлување

Првенствена и најважна задача на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Крајниот квалитет на некоја инсталација за јавно осветлување, зависи воглавно од неколку елементи кои можат да се поделат во три групи:

- Елементи кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширина на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на извор на светлоста и врста на распоред на изворот на светлост;
- Елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на крива на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост;
- Елементи кои се однесуваат на рефлексиони карактеристики на површина на коловоз.

Со урбанистички план за село Сопиште со инсталацијата за јавно осветлување, потребно е да се опфатат сите сообраќајници, паркинзи и други јавни површини.

Со понатамошната разработка на блоковите, а посебно при изработката на Архитектонско-урбанистичкиот проект (АУП) за градежната парцела од Блок

1, со светлотехничка пресметка ќе се изврши целосно и детално осветлување на сообраќајниците и другите јавни површини. Од овие пресметки ќе произлезат параметри како што се висина и растојание меѓу столбови, должина и наклон на лира, јачина и тип на светилка. Каблите за јавното осветлување ќе бидат поставени во инфраструктурните коридори.

7.3.4. Гасоводна инфраструктура

7.3.5. Општи и посебни цели на долгорочниот развој

Развојот на гасоводниот систем на територијата на Р. Македонија е директно поврзан со потребите од примена на еколошко почисто гориво, кое со својот хемиски состав и калорична моќ, представува одлична замена за нафтата, нафтените деривати, огревното дрво и другите цврсти горива. Примената на природниот гас ќе обезбеди подобрување на структурата на потрошувачката на енергија и почитување на стандардите за квалитетот на воздухот и животната средина. Тој испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минумум и при тоа како резултат на согорувањето нема појава на цврст отпад.

7.3.6. Гасоводна мрежа

Согласно физибилити студијата на гасификациониот систем на Република Македонија, низ планскиот опфат на село Сопиште, а веднаш до границата на Блок 1, поминува магистралниот дистрибутивен гасовод Скопје-Гостивар-Кичево, делница - 5.

Поради ова постојат добри предуслови за поврзување на селото Сопиште, како и на градежната парцела од Блок 1 на магистралната гасоводна мрежа.

За таа цел потребно е да се изгради разводен крак од магистралниот гасовод до главната мерно-регулациска станица (ГМРС) која ќе биде лоцирана во планскиот опфат на село Сопиште, а согласно Архитектонско-урбанистичкиот проек за градежната парцела од Блок 1 може да биде лоцирана и во Блок 1..

Должината на приклучниот вод ќе зависи од местоположба на ГМРС чија точна локација ќе се утврди со понатамошна разработка на Блоковите.

7.3.7. Планирани капацитети

Природниот гас се предвидува да се користи како енергент за загревање на објектите, за производство на топла санитарна вода и за готвење. Големината на енергетската потрошувачка ќе се утврди со понатамошна разработка на Блоковите, а врз основа на податоци за бројот и структурата на потрошувачите.

Како основа за определување на часовата потрошувачка на гас за греење, треба да се земе во предвид фактот дека на територијата на град Скопје има 1000 грејни часови во текот на една сезона.

7.3.8. Главна мерно-регулациска станица – ГМРС

Прилагодување на параметрите на гасниот флуид од примарната кон секундарната мрежа и мерење на количеството на гас кое ќе се испорачува за

локалитетот ќе се врши со ГМРС, со редукција на притисокот од 40 bari на 4 bari. Таа капацитативно треба да ги задоволи потребите за снабдување на објектите од урбаниот блок 1, но исто така и објектите од сите други урбани блокови во селото Сопиште. Локацијата на ГМРС може да се предвиди да биде во Блок 1. Ако ГМРС биде во градежната парцела на Блок 1, капацитетот и точната позиција ќе се утврди со изработка на Архитектонско-урбанистички проект.

Изградбата на ГМРС треба да биде во согласност со Правилникот за технички услови и нормативи за безбеден транспорт на течни и гасовити јагленводороди со магистрални нафтоводи и гасоводи и со нафтоводи и гасоводи за меѓународен транспорт (Службен лист на СФРЈ бр.26/1985). Според истиот правилник во член 17 дефинирани се пропишаните растојанија од ГМРС со капацитет до 30000 m3/h и тоа:

- станбени и деловни згради 15 метри
- производствени фабрички згради, работилници 15 метри
- складишта на запаливи течности 15 метри
- трафостаници 30 метри
- железнички пруги и објекти 30 метри
- индустриски колосеци 15 метри
- автопатишта 30 метри
- магистрални патишта 20 метри
- регионални и локални патишта 10 метри
- други патишта 6 метри
- водотеци 5 метри
- шеталишта, паркиралишта 10 метри
- други градежни објекти 10 метри
- електрични неизолирани надземни водови -височина на столбот на далноводот + 3 метри.

7.3.9. Секундарна гасоводна цевна мрежа

Секундарната гасоводна мрежа во рамките на Блоковие 2, 3, 4, 5 и 6 ќе се дефинира со понатамошна нивна разработка со други урбанистички планови согласно Закон.

За градежната парцела од Блок 1 секундарната гасоводна мрежа ќе се дефинира со изработка Архитектонско-урбанистичкиот проект и тоа во зависност од распоредот на објектите во блокот и планираната сообраќајна мрежа. Цевките ќе бидат сместени во инфраструктурниот коридор, заедно со другата инфраструктура, на прописно растојание од останатите инсталации. Приклучоците со внатрешната инсталација на објектите треба да се изведат во подрумски простории предвидени за таа намена или доколку се работи за објекти од индивидуалното домување, во фасадно орманче со пад на водот према дистрибутивниот гасовод.

8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

8.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

Во подрачјето предмет на анализа нема регистрирани недвижни добра.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентиран е локалитетот:

- **Сопиште - *Кукловец,* некропола од римско време.**

Овој локалитет се наоѓа на надвор од планскиот опфат на село Сопиште.

По писменото обраќање, до Министерсво за култура - Управа за заштита на културното наследство е добиен одговор со писмо бр. бр. 08-2813/2 од 07.09.2012), со кое е потврдено дека во границите на планскиот опфат на село Сопиште нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07).

8.2. Заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба и други објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За

разлика од "пасивниот" пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина ("Службен весник на Р.М" број.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух ("Службен весник на Р.М" број. 100/12)
- Закон за води ("Службен весник на Р.М" број.87/08, 06/09, 161/09, 83/10 и 51/11);
- Закон за заштита од бучава во животната средина ("Службен весник на Р.М" број. 79/07, 124/10 и 47/11);
- Закон за управување со отпадот ("Службен весник на Р.М" број. 9/11 - пречистен текст и 51/11) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на УП за село Сопиште-разработка на Блок 1.

Мерки за заштита на почвата

При изградба на новопредвидените содржини да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се

избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на коренјата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

Мерки за управување со отпадот

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

Согласно Законот за управување со отпад (“Службен весник на Р.М” број. 9/11 - пречистен текст и 51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред да биде одложен на депонија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија Дрисла.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката. Во Сопиште нема воспоставена мерна станица за следење на квалитетот на воздухот заради што степенот на загадување на воздухот се базира главно на проценки. Главен извор на емисии на CO, NOx и прашина е патниот сообраќај.

Во периодот на градба, транспортот по сообраќајниците во непосредната околина и зголемената концентрација на возила ќе влијае на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Кога ќе се создадат услови за приклучување на гасната мрежа, да постои можност за прилагодување на новите содржини за работа на природен гас. Предвидено е и искористување на сончевата енергија преку поставување на сончеви колектори.

Мерки за заштита на водите

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Директната емисија на отпадни води, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во површинските води во непосредната близина на локацијата. Од аспект на заштита на површинските води во близина на планскиот опфат, се предвидува изградба на пречистителна станица. При тоа, неопходно е испитување на квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99).

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку изработка на

Архитектонско–урбанистички проект за градежната парцела од Блок 1, со децидно наведени плански мерки за заштита.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

Мерки за заштита од бучава во животната средина

Звучните бариери се поставуваат помеѓу изворот на бучава и подрачјата кои се осетливи на бучава. Разните видови на звучни бариери вклучуваат насипи од земја, ѕидови и огради направени од различни материјали, дебели насади од дрвја и грмушки и комбинација на претходно споменатите мерки.

Изборот на мерките за контрола на бучавата зависи од повеќе фактори, меѓу кои, просторот што е предмет на анализа, трошоците, безбедноста и естетиката и од посакуваното ниво на редукција на звукот.

Предметната локација спаѓа во подрачје со I степен на заштита од бучава, наменето за повисоко ниво на живеење.

Се препорачува почитување на дозволените нивоа на бучава во животната средина согласно Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (“Службен весник на Р.М” број. 147/08).

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со УП за село Сопиште – разработка на Блок 1, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

8.3. Заштита на биолошката разновидност и други природни богатства (мерки за заштита на природата)

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во

заштитените подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природните реткости.

Во современото планирање на просторот, заштитата на природата се базира на активно уредување и одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа.

Планскиот опфат на УП за село Сопиште – разработка на Блок 1 навлегува во граници на заштитеното природно наследство ПППК Водно.

ВОДНО ПППК (заштитен)[1]

- Простор каде деградираните шуми во минатото се обновени со интензивно пошумување (над 400 ha) со иглолисни и широколисни дрвја (црн бор, липа, бреза). На повисоките делови на Водно делумно се зачувани автохтони состоини од костен, даб, јасен и габер. Североисточно од с.Нерези се наоѓа палеонтолошкиот локалитет Мали Мост. Во миоценските седименти со слоеви на јаглен констатирани се фосилни остатоци од рбетници (*Mastodon anquistideus*) и палоефлора. Површината на објектот изнесувА 1953 ха.
- Објектот има рекреативна намена.
- Над селото Горно Нерези, во насадот од борова шума има појави на сеча на дрвна маса. Исто така доста нагласена е и појавата на собирање на камен од околните терени на овој простор.
- МС, IUCN: III
- РЗ: 6

Заштитни категории према Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources – IUCN):

Меѓународен статус: IUCN III - Споменици на природата

Овие категории обично содржат една или повеќе специфични природни обележја со извонредно национално значење, кои поради единственоста и реткоста, мора да бидат заштитени. Истите, за да бидат идеално заштитени, треба да бидат ослободени од нарушувањата предизвикани од човечките активности или тие активности треба да бидат сведени на најмала можна мера. Иако оваа категорија може да има рекреативна и туристичка вредност, треба да биде управувана така, за да биде релативно ослободена од човековото вознемирување.

Заштитни режими, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија (2004 година) - Студија за заштита на природното наследство:

[1] Подрачјето е репрезентативо и треба да се препрогласи како ПНП.

РЗ 6: Режим на заштита за дендролошки споменици

О г р а н и ч у в а њ а:

Со правилата е забрането:

- да се сечат, да се поткаструваат, да се кршат односно поинаку насилно да се оштетуваат дрвјата, нивните стебла, корењата и гранките,
- да се менуваат растителните услови, на пр. да се отстранува земјата, да се откриваат корењата, да се засипуваат растителните реони односно површини над корењата (повремено или стално), да се поплавуваат растителни реони, да се менува нивното на водата од почвата и киселоста односно алкалноста на почвата, да се испуштаат штетни течности или гасовити материи на подрачјето на растителениот реон и да се фрлаат отпадни материи,
- да се менува постојната осончаност на дрвјата и растителните реони (на пр. разголување на кошната или стеблото, да се засенуваат дрвјата со градби или уреди и т.н.),
- да се закачуваат или поставуваат туѓи тела на стеблото, корењата или гранките (на пр. сијалици, држачи за мрежни водови, таблици, орманчиња, антени, разгледишта, скалила и т.н.),
- да се градат поголеми постојани објекти или градби на подрачјето на непосредниот растителен реон.

По исклучок и по претходна согласност на соодветната служба за заштита можно е:

- да се менува значењето на почвата на непосредниот растителен реон (на пр.да се асфалтира, бетонира, поплочува, да се засадуваат грмушки, дрвја и треви и т.н.),
- да се изведуваат санитарни работи (на пр. да се пломбираат стеблата, да се отстрануваат гранките и врвовите, да се врзуваат стеблата и гранките, да се зацврстува тлото да се уништуваат штетниците и т.н.),
- да се поставуваат помали привремени објекти (на пр. платформи, киосци) на подрачјето на непосредниот растителен реон),
- да се собираат цветови или плодови односно семиња,
- научно-истсражувачка работа која може да влијае на биолошкиот состав на дрвото (на пр.земање лесни профили од стеблото, гранките и корењата).

Дозволено е:

- научно истражување кое што не влијае на биолошката состојба на дрвјата (дендролошки мерења и т.н.)
- определено стопанско искористување кое не го оштетува дендролошкиот споменик (земање на семиња, или плодови за размножување и т.н.).

Над возвишеноста викана Карпа во северозападен правец кон врвот Водно, предметната локација опфаќа борова шума и нискостеблеста мешовита шума, која е значаен дел од екосистемот и има повеќе корисни функции, како што се заштита на почвата од ерозија, предизвикана од вода и од ветер, заштита од поплави, заштита на диверзитетот на видовите и има позитивно влијание врз

климата и земјоделието. Исто така, шумата влијае врз прочистување на воздухот и водата, придонесува за убавината на пределот, влијае врз човековото здравје и придонесува за развој на туризмот.

Согласно препораките добиени од Министерство за животна средина и просторно планирање (Писмо од МЖСПП бр.11-8171/4 од 06.09.2012) и писмото од Град Скопје – сектор за заштита на животната средина и природата (Писмо бр. 17-4173/2 од 21.09.2012), кое е прилог на планската документација) просторот со насади од шума од боров насад и нискостеблеста шума е исклучен од планскиот опфат.

8.4. Мерки за заштита и спасување

Претходните услови за заштита и спасување дадени во писмениот допис од Дирекцијата за заштита и спасување бр. 11/1-276/2 од 25.09.2012 се комплетно вградени во Урбанистичкиот план за село Сопиште - разработка на Блок 1 и се дадени во понатамошниот текст.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за управување со кризи (Сл. весник на РМ бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува за Урбанистички план за село Сопиште - разработка на Блок 1 во функција на

превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4. обезбедување на противпожарни пречки
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребна инфраструктура

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

1. набљудување, јавување и известување и
2. организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност

Во Урбанистичкиот план за село Сопиште - разработка на Блок 1 опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за локацијата и условите каде треба да се градат предвидените објекти согласно намената на комплексот, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и подазаконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика, кои се однесуваат на:

1. евакуација
2. засолнување
3. згрижување на настраданото и загрозеното население
4. радилошка, хемиска и биолошка заштита
5. спасување од урнатини
6. заштита и спасување од поплави
7. заштита и спасување од пожари
8. заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
9. прва медицинска помош
10. заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
11. заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
12. асанација на теренот и
13. други мерки за заштита и спасување што би се појавиле при и по природните непогоди, епидемии, епзоотии, епифитотии и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

При изработката на планската документација Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на општина Сопиште е основа врз база на која се планираат мерките за заштита и спасување и истите треба понатаму да се вградат во проектната документација.

При понатамошната изработка на градежната парцела за Архитектонско-урбанистичкиот проект со идејни решенија на градбите и при изработка на основните проекти, како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектит и при изградба на објектите, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Заштитата и спасувањето треба да биде согласно критериумите на член 62 од Законот за заштита и спасување, а потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на градбите и новопланираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. весник на РМ бр: 105/05).

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во Урбанистичките планови.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Други несреќи се пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други гориви материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

8.4.1. Мерки за заштита од природни непогоди и други несреќи

8.4.1.1. Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот.

Во Урбанистичкиот план за село Сопиште - разработка на Блок 1 е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 9^0 по МЦС скалата.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа треба да обезбедат:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот план.

Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

8.4.1.2. Мерки за заштита од поплави

Во границите на планскиот опфат има суводолици - времени водотеци кои треба да се регулираат.

8.4.1.3. Мерки за заштита од свлекување на земјиштето

На просторот досега не се забележани свлекувања на земјиштето. Но сепак потребно е да се изготви детален елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

8.4.1.4. Мерки за заштита од атмосферски непогоди

Со цел за поефикасна заштита обавезно е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Како посебна мерка за заштита од силните ветрови, покрај комуникациите, претставува изборот на вегетацијата.

8.4.1.5. Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи

При изработката на Урбанистичкиот план за село Сопиште - разработка на Блок 1 се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11) и Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр: 67/04 и 81/07), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. В. На РМ бр. 74/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу оградбите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- сообраќајниците се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила, (ширина на коловоз од 6,0м и радиуси од минимум 8,0м)
- во општина Кисела Вода кој го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности.
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар

- во просторот предмет на Урбанистичкиот план за село Сопиште - разработка на Блок 1 има предвидено надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите
- во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

Предвидената сообраќајна инфраструктура со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на улиците е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.

8.4.1.6. Мерки за заштита од воени разурнувања

Просторот кој е предмет на анализа се наоѓа во зона со висок степен на загрозеност, односно простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на статегиските насоки на нападот на агресорот, што наметнува потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.

Просторот има намена домување со компатибилни класи на намени согласно член 27 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. 63/12) и од тој аспект, како посебна цел можен е воен удар врз истиот. Во случај на воени разурнувања планскиот концепт и предвидената улична мрежа со своите патни планирани елементи, нејзината поставка, наклоните и широчините на профилите, овозможуваат:

- брза и непречена евакуација на луѓето
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Не се очекува затрупување на улиците со урнатини, бидејќи истите се со големи ширини, а при изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект за градежната парцела од Блок 1, потребно е да се води сметка за меѓусебното растојание на градбите, согласно висините, да нема тесни грла на сообраќајниците и да нема зони на тотални урнатини.

Можни се директни воени воздушни удари на инфраструктурната мрежа и градбите и нивно оштетување.

Другите елементи за заштита од воени разурнувања, да се утврдат со основниот план, посебно за секоја градба.

8.4.1.7. Мерки за заштита од технолошки катастрофи

Секогаш постои можност за технолошкте катастрофи.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки.

Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

9. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАЧИНОТ, ДИНАМИКАТА И ОБЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Со квалитативно подобрување на урбанистичките и амбиентални карактеристики на селските населби ќе се овозможи воедначување на нивото на развиеност на просторните сегменти во Државата и потикнување на развојот на локалната и национална економија.

Вградувањето на принципите на одржлив развој во развојните концепти на руралните и урбаните населби е значајна определба зацртана со Просторниот план на Р. Македонија која има одредено влијание врз економската валоризација на урбанистичките решенија дефинирани со предметниот Урбанистички план.

"Урбанистичкиот план за село Сопиште-разработка на Блок 1 КО Сопиште" има капитална вредност. Планскиот опфат на цело село Сопиште зфаќа површина од 318,70ха поделен на 6 блокови, од кои предмет на разработка на овој Урбанистички план е Блок 1. Со разработка на Блок 1, врз основа на дополнителен Архитектонско-урбанистички проект ќе се создадат предуслови за развој на значајни дејности комплементарни на функцијата домување. Изработката на Урбанистичкиот план обезбедува контролиран урбан развој на подрачјето на населбата Сопиште, и трансформација на еден негов дел во резиденцијален простор во кој ќе се нудат објекти со високи стандарди за домување, коишто се дефицитарни на нашиот пазар на недвижности.

Од аспект на економската валоризација на Планот, значајна е определбата на Планот во Блок 1 да се планира изградба на станбени куќи со посебен режим на користење и заштита во кои, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. весник 63/12, се

опфатени сите видови станбени куќи со висок стандард и вили за кои минималната површина на градежната парцела изнесува 500 м^2.

Местоположбата на анализираниот простор кој е во непосредна близина на Главниот град на Р. Македонија се карактеризира и со значајни еколошки атрибути коишто директно придонесуваат за поголемо вреднување на планското решенија кое е предмет на анализа за изработка на економско образложение на Урбанистичкиот план.

Во Планскиот пристап на разработка на Блокот 1 инкорпорирани се определбите за задолжителна примена на урбанистичките стандарди прифатени во современите градови во Европската Унија, а се однесуваат на патната мрежа, објектите за домување, водоводниот и канализационио третман, еколошките стандарди, безбедносните стандарди, рекреацијата и останатите функции неразделно поврзани со намената домување. Наведениот пристап ја детерминира цената на сите компоненти поврзани со реализацијата на Планот и со неговата вкупна економска вредност.

Урбанистичкиот план е основа за изработка на урбанистичкото решение на градежната парцела за Блок 1 кое ќе биде разработено со Архитектонско-урбанистички проект со кој ќе се овозможи отпочнување на повеќе инвестициски зафати за реализација на неопходните функции на просторот: инфраструктурни, станбени, комерцијални, едукативни, општествени и други.

Со ваков репрезентативен проект кој има развојна вредност се создаваат предуслови за развој на локалната економија преку уредување на земјиштето опфатено со Планската документациај и создавање предуслови за развој на значајни дејности комплементарни на функцијата домување.

Со Урбанистичкиот план за село Сопиште со Блок 1, се предвидува зафаќање на површина од околу 85,32 ха. Површината на теренот има значајна флуктуирачка висина со повремени стрмни косини и одреден број на теснеци, што дополнително ќе влијае на зголемување на трошоците за уредување на земјиштето и изградба на предвидените објекти, а тоа ќе придонесе за зголемување на вкупните трошоци за изведба и реализација на содржините и планираните функции во урбаниот опфат.

Во панскиот опфат на село Сопиште кој зафаќа површина од 318,7 ха, се проценува дека до 2022 година ќе се населат околу 15 300 жители, од кои на просторот на Блок 1 се предвидува популација од околу 5180 жители. Проценката базира на постојните податоци за бројот на населението во село Сопиште според Пописот од 2002 година и Законот за територијална организација од 2004 година и определбата за изградба на резиденцијален урбан простор во Блок 1, кој ќе ја зголеми атрактивноста на населбата Сопиште за задржување на постојното население и пораст на вкупното население со зголемување на новата популација која ќе се досели.

Новата популација, со реализацијата на Урбанистичкиот план и изградбата на предвидените објекти, ќе има свој удел, било како корисник, обврзник или учесник во многу активности и функции предвидени со Планот, со

што ќе се обезбеди негово директно вклучување во севкупните економски текови на локално и национално ниво.

Крајниот економски ефект кој што директно ќе се рефлектира врз буџетот на локалната самоуправа претставува прибирањето и наплатата на данокот на имот чија валоризација е условена со изградбата на предвидените објекти и нивно ставање во функција. Данокот на имот претставува непосреден извор за зголемување на финансиската моќ на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нејзината надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на давањето на услуги на сите жители во општината.

Економска матрица на Урбанистичкиот план

Утврдување на економската вредност на Урбанистичкиот план со цел согледување на исплатливоста на инвестициите во јавно земјиште и комунална инфраструктура е детерминирано од основните компоненти кои имаат најголемо и доминантно учество во економската матрица на урбанистичкото решение на Планот.

Сумарната квантификација на планските решенија ќе биде достапна во фазата на изведба и ефектуирање на предвидените функции кога на пазарот на понуда и побарувачка, врз основа на архитектонско урбанистички проекти за Блок 1 ќе се изберат основните (главни) проекти.

Влезни компоненти во матрицата за економско образложение на планските решенија

1. Информациско планска и проектна документација

Документациската основа ги содржи сите трошоци поврзани со прибирање и изработка на соодветна информациско-планерска и проектна документација.

2. Обезбедување земјиште за изградба

Трошоци поврзани со обезбедување и купопродажба на земјиштето опфатено со планскиот опфат на Урбанистичкиот план.

3. Ископ и насип

Специфичноста на теренот значајно ќе влијае врз трошоците кои ќе произлезат од изведнбените активности поврзани со:

- ископите на земјиште за објекти
- насипите на земјиште за објектите

4. Сообраќајна инфраструктура

Вкупната трошковна структура на инвестициите во сообраќајните решенија ќе произлезе од следните изведбени активности:

- припремните работи
- изведба на долен строј
- објекти, зидови, пропусти и мостови
- горен строј
- и непредвидени градежните работи.

5. Водоснабдување

5.1. Санитарна вода

Квалитетно задоволување на потребите за санитарна вода на корисниците на анализираниот простор е можно преку експоатација на новиот изворник РВС "Патишка река".

За реализација на овој вид услуга потребни се капитални инвестиции поврзани со изградба на доводната, примарната и секундарната водоводна мрежа.

5.2. Техничка вода

Обезбедување на техничка вода се предвидува од нов изворник, подземните води кај локалитетот Маркова Сушица.

Реализацијата на оваа инвестиција е поврзана со изградба на доводната, примарната и секундарната мрежа.

6. Одведување на отпадни води

6.1. Фекална канализација

Канализациската мрежа, детерминирана од конфигурацијата на теренот.

За градежната парцела од Блок 1 ќе биде разработена со дополнителен Архитектонско-урбанистички проект.

6.2. Атмосферска канализација

Трошоците за изведба на атмосферската канализација ќе се дефинираат со понатамошна разработка на блоковите.

Во Блок 1 ќе бидат утврдени со изработка на Архитекстонско-урбанистички проект.

7. Електроенергетска мрежа и јавно осветлување

Вкупните потреби за инвестирање во електроенергетската мрежа ќе се дефинираат со понатамошна разработка на блоковите.

Во Блок 1 ќе бидат утврдени со изработка на Архитекстонско-урбанистички проект.

Јавното осветлување исто така потребно е да се земи при изработка на Архитектонско-урбанистички проект за Блок 1, а за другите блокови при нивна понатамошна разработка.

8. Гасоводна инфраструктура

Воведувањето на гасоводниот систем во планскиот концепт на Урбанистичкиот план му дава посебно обележје на Планот како од економски така и од еколошки аспект со што се потврдува неговата поставеност врз принципите на одржлив развој. Примената на гасот како енергенс во обезбедувањето на затоплување на домовите и на

останатите корисници на оваа комунална услуга од аспект на економската исплатливост се огледа во ниската цена на чинење во однос на обезбедувањето на ист тип услуга со примена на друг вид енергенс (струја, дрва, нафта, мазут).

За реализација на коплетната услуга и доведувањето на гасот за употреба до индивидуалните корисници (домови, деловно-комерцијални објекти, општествени и др.) потребно е да се изгради основна (примарна) гасоводна мрежа со должина од околу 5 км, мерна регулациона станица и секундарна гасоводна мрежа која ќе биде утврдена со понатамошна разработка на блоковите, а за градежната парцела од Блок 1 при изработка на Архитектонско-урбанистички проект.

9. Телекомуникации

Телекомуникациската инфраструктура е интегрален дел од останатата инфраструктура која што со понатамошна разработка на блоковите, а за градежната парцела од Блок 1 при изработка на Архитектонско-урбанистички проект.

10. Наменска употреба на земјиште- предвидени градби

- доминантна функција за која е наменета изработката на овој Урбанистички план е домувањето односно изградбата на објекти за домување
- градби со компатибилна намена

11. Третман на цврстиот отпад

Со планот се опфатени и инвестициите околу третманот на цврстиот отпад. Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ, бр.09/11- пречистен текст и бр.51/11), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија;

После соодветниот третман се препорачува депонирање на инертните отпадни материи во постојната депонија

12. Елементи на обликување на градежните објекти

За сите објекти се предвидува употреба на висококвалитетни градежни материјали (High-tech материјали), со максимална термичка и звучна изолација со цел заштеда на енергија и одржлив развој.

10. УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРАБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО СОПИШТЕ – РАЗРАБОТКА НА БЛОК 1

Со Условите за градење се утврдува плански опфат на село Сопиште кој е составен од шест (6) блокови со вкупна површина од од 318,70ха.

Блоковите 2, 3, 4, 5 и 6 понатаму ќе се разработат со други урбанистички планови согласно Закон.

Во овој Урбанистички план се разработува само Блок 1 (85,32ха), кој е составен од една градежна парцела и кој согласно член 27 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. Весник 63/12), кога наменската зона е составена од различни на компатибилни намени како што е во случајот со градежната парцела од Блок 1, при што групата на класи на намени А- домување (А0 – домување во станбени куќи со посебен режим на користење, А1 – домување во станбени куќи, и А2 – домување во станбени згради) е именител на зоната, за истата може да се оформи една градежна парцела во урбанистичкиот план за село, а површината на градежната парцела да биде минимум 30ха.

За ваквата градежна парцела како што градежната парцела од Блок 1 не се применуваат одредбите од член 34 на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.63/12). Во оваа градежна парцела е утврден простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, поради што е потребно за градежна парцела да се изготви Архитектонско-урбанистички проект. Архитектонско-урбанистичкиот проект треба да содржи и идејни решенија на градбите и основни водови на инфраструктурата, согласно член 51, од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл. Весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), врз основа на што ќе се изработат основните проекти за градбите и инфраструктурата внатре во градежната парцела.

Инфраструктурните водови се прикажани за примарната инфраструктурна мрежа, како плански решенија.

За основната комуналната инфраструктура внатре и надвор од планскиот опфат на село Сопиште да се изработат Проекти за инфраструктура.

10.1. Општи услови за градење

Основа за изработка на Општите услови за изградба е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови Сл. Весник на РМ бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12), како и планираните барања.

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план за село Сопиште – разработка на Блок 1,

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, важат и за изготвување на Архитектонско-урбанистички проект за градежната парцела од Блок 1.

